# „Дали некој од вас би сакал, кога ќе се врати дома, да најде три големи, дебели камили?

Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот Пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Дали некој од вас би сакал, кога ќе се врати дома, да најде три големи, дебели камили?“ Рековме: „Да.“ Тој рече: „Три ајети кои некој од вас ќе ги рецитира во својот намаз се повредни за него од три големи, дебели камили.“
[صحيح] [رواه مسلم]

Божјиот Пратеник, салаллаху алејхи ве селем, објаснува дека наградата за рецитирање на три ајети во намазот е поголема од таа човекот да најде три големи, дебели камили во својот дом.

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/65053